# УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ

## HEPATHROMBIN / ХЕПАТРОМБИН крем
## heparin

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството.**

- *Овој лек е достапен без рецепт, се применува за отстранување на симптомите на болеста без помош од страна на Вашиот доктор.*
- *Лекот треба внимателно да го користите за да добиете најдобри резултати од терапијата.*
- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.*
- *Доколку симптомите на Вашата болест се влошат мора веднаш да го информирате Вашиот доктор.*
- *Ако забележите сериозно несакано дејство или било кое несакано дејство кое не е наведено во ова упатство, Ве молиме кажете му на Вашиот доктор.*

**Упатството содржи:**


*1. Што претставува лекот Hepathrombin крем и за што се употребува*
*2. Што треба да знаете, пред да го употребите лекот Hepathrombin крем*
*3. Како да го употребувате лекот Hepathrombin крем*
*4. Можни несакани дејства на лекот Hepathrombin крем*
*5. Чување и рок на употреба на лекот*
*6. Дополнителни информации*


**Hepathrombin крем**
***Активна супстанција:***
Hepathrombin крем 300 I.E/1 g
1 g крем содржи:
хепарин натриум 300 I.E.

Hepathrombin крем 500 I.E/1 g
1 g крем содржи:
хепарин натриум 500 I.E.

***Помошни супстанции:*** алантоин, декспантенол, бронопол, карбомер 934, Lunacera M, левоментол, Hostafat KW-340-N, парафин, течен, лесен, пурцелинол, тегин 515, динатриум едетат, триетаноламин, бел вазелин, пречистена вода.

**Пакување**
Алуминиумска туба која содржи 40 g крем (300 I.E./1 g крем).
Алуминиумска туба која содржи 40 g крем (500 I.E./1 g крем).

**Носител на одобрението ставање во промет во Република Македонија**
ХЕМОФАРМ А.Д. ФАРМАЦЕВТСКО - ХЕМИСКА ИНДУСТРИЈА ПРЕТСТАВНИШТВО Скопје, ул. Јадранска Магистрала бр.31, Скопје, Р. Македонија

**Производител:**
HEMOFARM A.D., ул. Београдски пут бб, Вршац, Р. Србија

**Место на производство**
HEMOFARM A.D. Вршац, огранок погон Шабац, ул. Хајдук Вељкова бб, Шабац, Р.Србија

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА HEPATHROMBIN КРЕМ И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Hepathrombin крем 300 I.E./1 g и Hepathrombin крем 500 I.E./1 g се препарати на природен хепарин во форма на крем. Овој препарат покрај хепарин во својот состав содржи и алантоин и декспантенол. Хепатромбинот се користи во терапијата на болести на вените како: тромбофлебит (воспаление на вените кое настанува заради процес на тромбоза), проширени вени и кожни промени кои се јавуваат како последица на оваа состојба, ulcus cruris (отворени рани на кожата од подколеницата, кои се јавуваат заради лоша венска циркулација). Препаратот може да се употребува и при спортски повреди како и при бурзитис и тендовагинитис (воспаление на обвивките на тетивите).

Хепатромбинот ја спречува коагулацијата (згрушувањето) на крвта, а со тоа и создавањето на тромбови (тромбоза) во крвните садови. Хепаринот брзо се ресорбира преку кожата и има исклучително локално дејство. Помошните супстанции во препаратот (алантоин и декспантенол) овозможуваат брза ресорпција на хепаринот во кожата со што го засилуваат неговото дејство. Покрај ова дејство, овие помошни супстанции ја забрзуваат регенерацијата (обновувањето) на оштетената кожа, зарастувањето и имаат против-воспалително дејство.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО УПОТРЕБИТЕ ЛЕКОТ HEPATHROMBIN КРЕМ

*Предупредете го Вашиот доктор ако земате други лекови, имате некоја хронична болест, некое пореметување на метаболизмот, преосетливи сте на некои лекови или сте имале алергиска реакција на некои од нив.*

**Кога да не употребувате Hepathrombin крем**
Немојте да го земате овој лек во следните случаи:

- ако сте преосетливи (алергични) на хепарин или на некоја од помошните состојки на лекот;
- ако имате ulcus cruris кој крвари;
- ако имате отворени и/или инфицирани рани;
- лекот не се користи кај деца помали од 5 години.

**Бидете посебно претпазливи ако го употребувате Hepathrombin крем**
При употреба на кремот во терапија на воспаление на вените, лекот не смее да се втрие во кожата туку се нанесува на болното место во слој со дебелина на тапата страна од нож и се покрива со еластичен или оклузивен завој (видете дел - Како се употребува лекот Hepathrombin крем).

**Употреба со храна и пијалоци**
Храната и безалкохолните пијалоци немаат значајно влијание врз дејството на лекот.

**Бременост и доење**
*Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да земете било каков лек.*
Hepathrombin крем може да се употребува за време на бременост и доење.

**Влијание врз способноста за возење на автомобил или ракување со машини**

Hepathrombin крем не влијае врз менталните и/или физичките способности при возење автомобил и работа со машини.

**Супстанции со посебно дејство**

Hepathrombin крем ја содржи помошната супстанца бронопол која може да предизвика локални реакции на кожата (на пр. контактен дерматитис).

**Употреба на други лекови**

*Овие информации се однесуваат и на лекови кои сте ги примале во минатото како и на лекови кои планирате да ги земате во иднина. Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт ако земате, или ако до неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт. Ова е од голема важност бидејќи истовремената терапија со повеќе лекови може да го ослаби или засили нивното дејство.*

Ако користите некој препарат кој се аплицира на кожа, пред да почнете да го употребувате Hepathrombin крем советувајте се со Вашиот доктор.

## 3. КАКО ДА ГО УПОТРЕБУВАТЕ ЛЕКОТ HEPATHROMBIN КРЕМ

Терапијата се почнува со препаратот Hepathrombin 500 I.E./1 g, а покасно во третманот и за превенција се користи Hepathrombin 300 I.E./1 g.

Кремот се аплицира на болното место и на околниот дел од кожата во тенок слој 2-4 пати на ден и потоа нежно се втријува. Кога кремот се употребува во терапија на воспаление на вените, лекот не смее да се втрие во кожата туку во слој со дебелина на тапата страна од нож се нанесува на болното место и се покрива со еластичен или оклузивен завој.

При третман на варикозни улцерации Hepathrombin кремот се нанесува во форма на прстен со ширина од 4 cm.

*Ако Вашите симптоми се влошат, веднаш информирајте го Вашиот доктор.*

**Ако сте земале поголема доза од лекот отколку што е потребно**

*Ако сте земале поголема доза од лекот отколку што треба, или ако некој друг случајно го зел Вашиот лек треба веднаш да се посоветувате со Вашиот доктор или фармацевт или да се обратите во најблиската здравствена институција.*

**Ако сте заборавиле да го земете лекот**

*Никогаш не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза!*

Ако сте заборавиле да го земете лекот на време не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза. Продолжете со терапијата и земете ја наредната доза во планираниот термин.

**Ако прекинете да го земете лекот:**

Нема да Ви се јават промени доколку нагло ја прекинете терапијата со препаратот Hepathrombin крем.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА НА ЛЕКОТ HEPATHROMBIN КРЕМ

Hepathrombin крем добро се поднесува од страна на организмот меѓутоа како и сите лекови кај некои пациенти може да дојде до појава на несакани дејства.

Многу ретко може да се јават алергиски реакции (реакции на преосетливост) на кожата. Може да дојде до појава на црвенило, пецкање и чешање на местото на апликација.

*Ако забележите појава на несакано дејство кое што не поминува или Ве вознемирува, веднаш обратете се кај Вашиот доктор.*

*Ако забележите појава на несакано дејство кое што не е наведено во внатрешното упатство обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.*

## 5. ЧУВАЊЕ НА ЛЕКОТ

***Да се чува подалеку од дофат на деца!***

Чувајте го лекот на температура до 25ºC.

**Рок на употреба**

3 години.

*Лекот не смее да се употребува после истекот на датумот на употреба што е наведен на пакувањето. Датумот на употреба се однесува на последниот ден од наведениот месец.*

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Начин на издавање**

Лекот може да се издава и без лекарски рецепт.

**Број и датум на одобрението за промет:**

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**

*Декември, 2015*